Навистина, Аллах е помилостив кон Своите робови од оваа жена кон своето дете.’“

Од Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува: „Кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, беа доведени заробеници. Меѓу нив имаше една жена која, доејќи, го истискуваше млекото од градите за да напои. Кога ќе најдеше дете меѓу заробениците, го земаше, го прилепуваше на својот стомак и го доеше. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, нè праша: ‚Дали мислите дека оваа жена би го фрлила своето дете во оган?‘ Одговоривме: ‚Не, секако дека не би го сторила тоа, ако има можност да го поштеди.‘ Тогаш тој рече: ‚Навистина, Аллах е помилостив кон Своите робови од оваа жена кон своето дете.’“

[صحيح] [متفق عليه]

Кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, беа доведени заробеници од племето Хавазин. Меѓу нив имаше една жена која го бараше своето дете. Секогаш кога ќе најдеше некое дете, го земаше и го доеше, бидејќи ѝ се насобрало млеко во градите и имала потреба да го испушти. На крајот, го пронајде своето дете меѓу заробениците, го зеде, го прилепи на својот стомак и го доеше. Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, им рече на асхабите: „Мислите ли дека оваа жена би го фрлила своето дете во оган?“ Тие одговорија: „Никогаш, по своја волја, неби го фрлила.“ Тој рече: „Навистина, Аллах е помилостив кон Своите робови отколку што оваа жена е кон своето дете.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10095